# Б-Интегрирана еколошка дозвола

**Име на компанијата**
Градежно Друштво ГРАНИТ АД Скопје - Подружница бетонска база Косел Охрид
**Адреса:**
Населено место без уличен систем бб Косел, Охрид
**Поштенски број и град:**

6000 Охрид

**Број на дозвола: 11-1289/  /2025**

# Содржина

Б-Интегрирана еколошка дозвола ..... I

Содржина ..... II

Вовед ..... iii

Дозвола ..... 1

1 Инсталација за која се издава дозволата ..... 2

2 Работа на инсталацијата ..... 5
2.1 Техники на управување и контрола ..... 5
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) ..... 7
2.3 Ракување и складирање на отпадот ..... 9
2.4 Преработка и одлагање на отпад ..... 11
2.5 Спречување и контрола на хаварии ..... 13
2.6 Мониторинг ..... 15
2.7 Престанок на работа ..... 17
2.8 Инсталации со повеќе оператори ..... 18

3 Документација ..... 18

4 Редовни извештаи ..... 20

5 Известувања ..... 22

6 Емисии ..... 23
6.1 Емисии во воздух ..... 23
6.2 Емисии во почва ..... 25
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ..... 26
6.4 Емисии во канализација ..... 27
6.5 Емисии на топлина ..... 28
6.6 Емисии на бучава и вибрации ..... 29

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води ..... 31

8 Програма за подобрување ..... 32

9 Договор за промени во пишана форма ..... 35

Додаток 1 ..... 36

Додаток 2 ..... 38
Додаток 3 ..... 39

## Речник на користени поими

| | |
|---|---|
| **Аеросол** | Суспензија на цврсти и течни честички во гасен медиум. |
| **Атмосферска вода** | Дождовна вода што дотекува од покриви и места каде што не се одвиваат процесите. |
| **Барање** | Барањето поднесено од страна на Операторот за оваа дозвола |
| **БПК** | Биолошка потрошувачка на кислород за 5 дена |
| **ГВЕ** | Гранични вредности на емисија |
| **ГИЖС** | Годишен извештај за животна средина |
| **Годишно** | Приближно во интервали на 12 месеци Период или дел од период од 12 последователни месеци |
| **Градежен отпад и отпад од рушење** | Отпад што потекнува од градење, реновирање и рушење: глава 17 од националниот каталог на отпади или како што е договорено на друг начин. |
| **Гранични вредности на емисија** | Масата, изразена во смисла на одредени специфични параметри, концентрацијата и/или нивото на испуштање, кои не смеат да бидат надминати во текот на еден или повеќе временски периоди. |
| **Граница за масен проток** | Гранична вредност на емисија која е изразена како максимална маса на една супстанција што може да биде емитирана во единица време. |
| **dB(A)** | Децибели |
| **Ден** | Секој период од 24 часа |
| **Денски** | Периодот од 08.00 до 22.00 (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за “ноќно време”). |
| **Дневно** | За време на сите денови од работата на инсталацијата и во случај на емисии, кога емисиите се одвиваат ; со најмалку едно мерење во било кој еден ден. |
| **Договор** | Писмен договор |
| **Документација** | Секој извештај, запис, податок, слика, предлог, интерпретација или друг документ во писмена или електронска форма кој се бара со оваа дозвола. |
| **Двегодишно/ биенално** | Еднаш на секои две години |
| **Еколошка штета** | Согласно дефиницијата за еколошка штета во член 5 од Законот за животна средина |

| | |
|---|---|
| **Зелен отпад** | Отпадно дрво (не вклучувајќи импрегнирано дрво), растителни материјали како што е откос од трева и друга вегетација. |
| **I.S.EN** | Интернационален стандард ЕН |
| **Инцидент** | (i) итен случај;<br>(ii) секоја емисија што не е во согласност со условите од оваа дозвола;<br>(iii) секое надминување на дневниот капацитет на опремата за ракување со отпад;<br>(iv) секое ниво, дадено во ова дозвола, а е достигнато или надминато, и<br>(v) секоја индикација дека загадување на животната средина се случило или може да се случи. |
| **Индустриски не опасен отпад** | Согласно дефиницијата за “индустриски не опасен отпад“ од член 6 од Законот за управување со отпад: Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад; |
| **Инсталација** | Согласно дефиницијата за “инсталација“ од член 5 од Законот за животна средина :<br>- во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето;<br>- во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објекти-те, цевководите, машините, алатките, приватните железнички споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или сличните градби, потребни за работа на инсталацијата. |
| **ИСКЗ** | Интегрирано спречување и контрола на загадувањето |
| **ИСО** | Интернационална организација за стандарди |
| **K** | Келвин (единица мерка за температура). |
| **Капацитет/ опрема за задржување** | Опрема наменета за задржување на евентуално истечен материјал, собирници. |
| **kPa** | Кило Паскали. |

| | |
|---|---|
| **Квартално** | Цел или дел од период од три последователни месеци, почнувајќи од првиот ден на Јануари, Април, Јули или Октомври. |
| **Leq** | Еквивалентно континуирано ниво на звук |
| **Локација чувствителни на бучава (ЛЧБ)** | Секоја резидентна куќа, хотел или хостел, болници, училишта, верски објекти, или било други места и објекти за кои е потребно отсуство на бучава со нивоа кои предизвикуваат непријатност. |
| **МДКе** | Максимална дозволена концентрација на загадувачки материи во гасовите кои се емитираат. |
| **Месечно** | Минимум 12 пати во текот на една година, приближно во месечни интервали. |
| **Надлежен орган** | Тело одговорно за издавање на ИСКЗ дозволи |
| **НДТ** | Најдобри достапни техники |
| **Неделно** | За време на сите недели од работата на инсталацијта и во случај на емисии, кога има емисија; со минимум едно мерење во било која недела. |
| **Ноќно време** | Од 22.00 до 08.00 часот |
| **Одржува** | Чување во добра состојба, вклучувајќи и редовна инспекција, сервисирање, калибрација и поправки доколку се потребни, со цел адекватно да извршува функцијата. |
| **Оператор** | Согласно дефиницијата за "Оператор" од член 5 од Законот за животна средина: - секое правно или физичко лице кое врши професионална активност, или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира или алармира за активноста. |
| **Полугодишно** | Целиот или дел од периодите од 6 последователни месеци |
| **Постројка** | Секое место или простор употребен за преработување или пак третман на отпадот. |
| **Праг за масен проток** | Количина на масен проток, над која се применува ограничување со МДК. |
| **ПРЕО** | Проценка на ризикот од еколошка одговорност |
| **Прилог** | Секое повикување на Прилог од оваа дозвола се однесува на прилози поднесени како дел од оваа дозвола |

| | |
|---|---|
| **Примерок** | Доколку контекстот на оваа дозвола не кажува нешто спротивно, примерокот ќе вклучи мерење со електронски инструменти. |
| **ПСОВ** | Пречистителна станица за отпадни води |
| **ПУЖС** | Програма за управување со животната средина |
| **ПУРЗ** | План за управување со ризикот по затворање |
| **Работни часови** | Часови/време во кое инсталацијата има дозвола/е овластена да работи. |
| **РЗПЗМ** | Регистер на загадувачи и пренос на загадувачки материи. |
| **РК** | Растворен кислород |
| **СЧ** | Суспендирани честички |
| **Санитарен/ комунален ефлуент** | Отпадни води од тоалетите, местата за миење и кантината во инсталацијата. |
| **Слика** | Секое повикување на слика или број на слика значи слика или број на слика содржани во барањето, освен ако не е на друг начин договорено. |
| **Соодветно осветлување (светло)** | 20 лукса, мерено на ниво на почва |
| **Стандардна Метода** | Национална, европска или интернационално признаена процедура (пр. И.С. ЕН, ИСО, ЦЕН, БС или еквивалентно). |
| **СУЖС** | Систем за управување со животната средина |
| **Тешки метали** | Тешки метали се група на елементи меѓу бакар и бизмут во периодниот систем на елементи - со специфична густина поголема од 4.0 г/цм$^3$. |
| **Течен отпад** | Било кој отпад во течна форма и што содржи помалку од 2% сува материја. |
| **X1 софтверски пакет** | Софтвер кој се користи за внесување на податоци, нивно пресметување и претставување на влијанието како и информации за трошоците. |
| **ХПК** | Хемиска потрошувачка на кислород |
| **ЦЕН (CEN)** | Comité Européen De Normalisation – European Committee for Standardisation. |

# Вовед

*Овие воведни белешки не се дел од дозволата*

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,51/11,123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/15 129/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22, 171/22 и 3/25) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за “Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Основна дејност на ГД ГРАНИТ АД Скопје е проектирање, истражување, изградба и контрола на објекти од нискоградба (автопати, магистрални и регионални патишта, градски сообраќајници, тунели, мостови, аеродроми и др.), високоградба (станбени, деловни и индустриски објекти) и хидроградба (земјени и бетонски брани, мелиоративни и канализациони системи) и тоа по принцип комплетен менаџмент.

Охридскиот регион Охридското Езеро и градот Охрид се прогласени за Светско културно наследство, под заштита на УНЕСКО.

Инсталацијата на ГД ГРАНИТ АД Скопје - БЕТОНСКА БАЗА КОСЕЛ ОХРИД, лоцирана е во село Косел Охрид, веднаш до регионалниот пат Охрид–Ресен, површината изнесува 8.204 m2, располага со две технички линии за производство на бетон. Инсталацијата согласно ИСКЗ уредбата (Сл.весник на РМ 89/05 од 21 Октомври 2005) припаѓа на категорија на индустриски активности во Прилог 2: Точка 3 Индустрија на минерали, Точка 3.3 Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50m3.

Во бетонската база се произведува бетон по нарачка на клиентот. Готовиот производ со миксер се транспортира до клиентот. Се користат шест миксери кој се ангажираат по потреба. Од секој миксер се зема коцка (проба) која понатаму се испраќа на лабораториска анализа.

Базата работи шест дена во неделата, со осум работни часа на ден или 48 часа неделно. Планирано е инсталацијата да работи 249 дена во годината.

Во инсталацијата има поставено две бетонски бази:

I. Бетонската база - ELBA 50

Бетонска база со скрејпер систем со мануелно раководење – со употреба на скрејпер кран се дозира од четири различни фракции во лифтовски предозатор кој го носи агрегатот/фракциите до главната мешалка. Преку одвоен мерен систем се дозира цемент, вода и адитиви (секој поодделно) и се дозираат во главната мешалка. Времето на мешање се утврдува врз основа на амперметар, кој го покажува моменталниот параметар на искористување на јачина на електрична енергија, односно отпорот кој бетонската мешавина го дава на мешалката. При задоволување на потребниот параметар, се смета дека бетонската мешавина е спремна и преку систем на пневматски контролирани врати кои се склоп на мешалката, се дозира готовиот бетон во автомиксерот. Минимален потребен број на машинисти/оператори – 2. Оптимално времетраење на циклус – 120 секунди

II. Бетонската база - PTOLEMEOS 60 - Twin Shaft

Бетонска база со предозаторски систем со автоматско раководење – преку специјализиран софтвер раководен од операторот на базата се утврдува типот на бетонската мешавина и нејзината количина (вкупна и на циклус). Дозирањето на агрегатите/фракциите се врши преку боксови/ предозатори кои потребната количина ја протекуваат на транспортна трака која игра улога на мерен инструмент. По задоволување на потрцебната количина, транспортната трака го пренесува материјалот до мешалката. Паралелно на тоа дозирање, автономни системи дозираат цемент, вода и адитиви во посебни мерни инструменти, и преку посебни инсталации ги дозираат компонентите во мешалката. Дозирањето е со приоритет на фракциите, додека останатите делови се испуштаат врз основа на правила зададени од самиот софтвер. Отпорот кој мешавината го дава на мешалката е директно мерен од операторскиот софтвер, кој самостојно утврдува време на испуштање на мешавината во автомиксерот. Минимален број на машинисти/оператори – 1. Оптимално времетраење на циклус – 90 секунди. GPS координати на поставеност: N: 41.1741690, E: 20.8446290.
Непосредното опкружување на инсталацијата е следно:

- На север се наоѓаат обработливи земјоделски површини, пристапен пат до бетонска база и зелени површини/шума;
- На исток се наоѓаат зелени површини/шума;
- На југ се наоѓаат зелени површини/шума;
- На запад се наоѓа село Косел, обработливи земјоделски површини и Охридско езеро.

Влезот во инсталацијата на БЕТОНСКА БАЗА КОСЕЛ ОХРИД е преку пристапен пат од северната страна на инсталацијата.
Проектиран капацитет на постројката за производствоо на готов бетон изнесува:

- Бетонската база ELBA 50 со проектиран капацитет од 50м$^3$/час, 6 x 50м$^3$ = 300м$^3$/ден и 249 x 300м$^3$ = 74.700м$^3$/год.
- Бетонската база PTOLEMEOS 60 - Twin Shaft со проектиран капацитет од 60м$^3$/час, 6 x 60м$^3$ = 360м$^3$/ден и 249 x 360м$^3$ = 89.640м$^3$/год.

Инсталацијата има имплементирано Систем за управување со квалите 9001:2015, Систем за управување со заштита на животната средина ISO 14001, Систем за безбедност и здравје при работа ISO 45001:2018.




Шема на технолошкиот процес во бетонската база

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| | | |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| ГД ГРАНИТ АД Скопје | бр.21-898 | 18.05.2018 год. |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било каква комуникација, контактирајте го надлежниот орган на адресата **Плоштад Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.**

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, член 55, став 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина. Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата.

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува органот. Со цел барањето да биде успешно, операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120, став 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

## Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Во согласност со член 115 став 6 и 7 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22, 171/22 и 3/25), **Б-Интегрираната еколошка дозвола има важност од 7 (седум) години. Најдоцна една година пред истекот на важноста, Операторот е должен да поднесе барање за обновување на Дозволата.**

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| **Барање {Бр}** | **Добиено** | |
| Барање за обнова на Б - интегрирана еколошка дозвола 11-1289/1/2025 | 13.03.2025 | Доставено е барање за обнова на Б - интегрирана еколошка дозвола |
| Известување на барање за обнова на Б-ИЕД 11-1289/2/2025 | 16.05.2025 | Доставен е примерок од барањето до општина Охрид |
| Известување на барање за обнова на Б-ИЕД 11-1289/3/2025 | 16.05.2025 | Доставен е примерок од барањето до Државниот инспекторат за животна средина |
| Известување за Објава на барање за обнова на Б-ИЕД 11-1289/4/2025 | 24.06.2025 | Доставено е барање до ГД Гранит за објава на текстот на објава во дневен печат и на веб страната на министерството на 27.06.2025 год. |
| Објава на барање за обнова на Б-ИЕД 11-1289/5/2025 | 27.06.2024 | Објавено е текстот за објава во дневен печат и на веб страната на министерството на 27.06.2025 год. |
| Мислење од општина Охрид 11-1289/6/2025 | 17.07.2025 | Мислење по доставено е барање за обнова на Б - интегрирана еколошка дозвола |
| Договор за собирање на комунален отпад помеѓу ГД Гранит АД и ЈП Охридски комуналец 11-1289/7/2025 | 30.07.2025 | Доставен договор бр.12-4090 од 28.05.2025 од ГД Гранит АД за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од подружниците: Бетонска база Косел и Рашанец Охрид. |
| Извештај за посета на локацијата бр.02- 3795/1 | 10.09.2025 | Посета на локацијата Бетонска база Косел на 09.09.2025 |
| Известување за Објава на нацрт Б-ИЕД 11-1289/8/2025 | | Објавена е Нацрт Б-ИЕД во дневни весници на 23.09.2025год. и на веб страната од МЖСПП |
| Б-ИЕД 11-1289/9/2025 | | Одлучено позитивно |
| **Дозвола Бр. {Бр.}** | **Одлучено** | |

**Б-Интегрирана еколошка дозвола**

# Дозвола

**Број на дозвола: 11-1289/ /2025**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22, 171/22 и 3/25) го овластува:

**Име на компанијата:** Градежно Друштво ГРАНИТ АД Скопје

со регистрирано седиште
**Адреса** Ул. Димитрие Чуповски бр.8 Скопје, Центар
**Поштенски број Град** 1000 Скопје
**Држава** Република Северна Македонија

**Број на регистрација на компанијата** 4054261

Да раководи со инсталацијата
**Цело име на инсталацијата:** Градежно Друштво ГРАНИТ АД Скопје - Подружница бетонска база Косел Охрид
**Адреса** Населено место без уличен систем бб Косел, Охрид

**Поштенски број Град** 6000 Охрид

во рамките на дозволата и условите во неа.

**Заменик министер**
**Ане Лашкоска**

Датум:

# 1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1. Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.

| Табела 1.1.(а) | Основни активности | |
|---|---|---|
| **Активност од Прилог 1 и 2 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Прилог 3 Индустрија на минерали<br>3.3 Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50m$^3$. | Стационарни бетонски бази за производство на готов бетон (две технички линии):<br>- Бетонската база ELBA 50 со капацитет 50м$^3$/час= 74.700м$^3$/год.<br>- Бетонската база PTOLEMEOS 60 - Twin Shaft со проектиран капацитет 60м$^3$/час = 89.640м$^3$/год. | N: 41.1738839°<br>E: 20.8434652°<br>КП 143, КП 145/1, КП 145/2 со површина 8.204 м$^2$ |

| Табела 1.1.(б) | Основни придружни активности | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

1.1.2. Активностите овластени во условите 1.1. ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

| Табела 1.2 | |
|---|---|
| **Координати на инсталацијата**<br>Градежно Друштво ГРАНИТ АД Скопје - Подружница бетонска база Косел Охрид | N: 41.1738839°<br>E: 20.8434652° |




Местоположа на Инсталацијата и координати (макролокација)
(N: 41.1738839° и E: 20.8434652°)

1.1.3. Оваа дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22, 171/22 и 3/25) и ништо во оваа дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.4. Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола. Сите активности кои треба да се извршат според условите на дозволата стануваат дел од дозволата.

1.1.5. Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето, без писмено одобрение од Надлежниот орган.

# 2. Работа на инсталацијата

## 2.1. Техники на управување и контрола

2.1.1. Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| | Табела 2.1.1 : Управување и контрола | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Организациона структура | Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола,11-1289/1/2025 Поглавје III.Прилог III.1 | 13.03.2025 год. |
| Политика на интегрираниот систем | Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола,11-1289/1/2025, Поглавје III.Прилог III.2 | 13.03.2025 год. |
| Сертификати за имплементирани системи за управување: ISO 9001:2015, ISO 14001, ISO 45001:2018. | Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола,11-1289/1/2025 Поглавје III.Прилог III.3 | 13.03.2025 год. |

2.1.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.3 Во инсталацијата за која се издава Дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од Дозволата.

2.1.4 Копија од Дозволата и оние делови од барањето кои се земени предвид во оваа Дозвола ќе бидат во секое време достапни до секој вработен чии должности се поврзани со некој од условите во оваа Дозвола.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние условите од Дозволата кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршување на нивните обврски.

2.1.6 Операторот ќе ангажира соодветно квалификуван и искусен менаџер на инсталацијата кој ќе биде назначен како одговорно лице. Менаџерот на инсталацијата или номинираното, соодветно квалификувано и искусно лице, во улога на заменик, треба да биде присутен во

инсталацијата во секое време во текот на работата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.7 Операторот ќе му ги достави на Надлежниот орган, Програма за управување со животна средина (ПУЖС) и Распоредот на целите и задачите за заштита на животната средина со комплетен преглед на сите операции, процеси, опции и можности за енергетска ефикасност и намалување на отпад, изготвени во рамките на Стандардот за животна средина на секои 12 месеци како дел од Годишниот Извештај за Животна Средина (ГИЖС).

2.1.7.1 Како дел од ГИЖС, операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7(седум) години и ќе се достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

2.1.8 Документација

2.1.8.1 Операторот ќе воспостави и одржува систем за документација на управувањето со животната средина, кој ќе биде достапен за увид на Надлежниот орган.

2.1.9 Корективни мерки

2.1.9.1 Операторот ќе воспостави процедури според кои ќе се преземат корективни мерки доколку специфицираните барања од Дозволата не се исполнети. Во процедурите треба да се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности во случај на пријавени прекршувања.

2.1.10 Подигање на свеста и обука

2.1.10.1 Операторот ќе воспостави и одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука на целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да ги чува записите од обуките.

2.1.11 Програма за одржување

2.1.11.1 Сите постројки, опремата и техничките делови кои се во функција на инсталацијата треба да се одржуваат во добра работна состојба.

2.1.11.2 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која може да има влијание врз животната средина, базирана на упатствата издадени од страна на производителот/добавувачот или изведувачот на таа опрема. Како додаток кон програмата треба да се обезбеди и соодветно чување на записите и контролните тестирања.

## 2.2. Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1. Операторот, согласно условите од измената на дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1., или на друг начин договорен со Надлежнот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Опис на суровини | Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола 11-1289/1/2025<br>Поглавје IV .1<br>Табела IV.1-1 | 13.03.2025 год. |
| Помошни материјали | Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола 11-1289/1/2025<br>ПРИЛОГ IV.2<br>Табела IV.1-1 | 13.03.2025 год. |
| Енергенси | Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола 11-1289/1/2025<br>ПРИЛОГ IV.3<br>Табела IV.1-1 | 13.03.2025 год. |
| Вода | Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола 11-1289/1/2025<br>ПРИЛОГ IV.4<br>Табела IV.1-1 | 13.03.2025 год. |
| Ракување со суровини | Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола 11-1289/1/2025<br>ПРИЛОГ IV.5<br>Табела IV.1-1 | 13.03.2025 год |

2.2.2. Опрераторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштата.

2.2.3. Операторот ќе води Регистар на белешки за заштита и сигурност на сите суровини кои ги користи во инсталацијата.

2.2.4. Операторот ќе го известува Надлежниот орган за животна средина за секоја промена на суровините кои ги користи надвор од оние кои се наведени во барањето за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола бр.11-1289/1/2025, од 13.03.2025год. Ова известување ќе се врши, доколку за тоа има потреба.

2.2.5. Операторот ќе направи преглед на ефикасноста на употребата на суровини во сите процеси, со особено внимание на намалувањето на создавањето отпад, кој ќе се создава како резултат на одржувањето на машините и опремата. Утврдувањето ќе се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, ќе се инкорпорираат во распоредот на цели и задачи за животната средина.

2.2.6. Операторот на инсталацијата треба да ги земе во предвид опциите за минимизирање на емисиите преку :

- употреба на чисти горива со ниска содржина на сулфур или течни горива како што се природниот гас или петрол гасот;
- селектирање на суровини и адитиви со мало учество на азот;

2.2.7. Операторот поседува дозвола за користење на бунарска вода бр. 11-1003/7 од 11.08.2025 година на КП 29/1 КО Косел, општина Охрид поради фактот што се користи вода од бунари за технолошки потреби.

## 2.3. Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1., или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Опис на управување со цврст и течен отпад, генериран од инсталацијата | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола,11 -1289/1/2025 Поглавје V | 13.03.2025 год. |
| Отпад – Табеларен приказ на создаден отпад | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола,11 -1289/1/2025, Поглавје V, ТабелаV.1-1 | 13.03.2025 год. |
| Договори за постапување со отпад | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола,11 -1289/1/2025, Прилог V.1, V.2, V.3, V.5, V.5. | 13.03.2025 год. |

2.3.2. Операторот а обезбеди дека отпадот пред да се пренесе на друго лице, соодветно ќе се спакува и ќе се означи согласно Националните, Европските и било кои други стандарди, кои се на сила во врска со таквото означување.

| Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Главен извор** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| 1. Отпад од бетон и мил од бетон - 10 13 14 | Производство | Буриња/ контејнер | Се транспортира и депонира хидратизирано наталожено цементно млеко на одлагалиште во каменолом Рашанец. |
| 2. Отпадни масла 13 02 08* | При поправка на опрема и транспортни возила | Буриња ПВЦ | Се складира во ОЕ Механизација во Скопје . До конечно предавање на овластен превземач. |
| 3. Отпад од апсорбенси, филтерски материјали, платна за бришење и заштитна облека - 15 02 02* | При поправка на опрема и транспортни возила | Вреќи ПВЦ | Се складира во ОЕ Механизација во Скопје. До конечно предавање на овластен превземач. |
| 4. Отпад од искористени гуми од возила - 16 01 03 | Транспортни возила | | Се складира во ОЕ Механизација во Скопје. До конечно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | предавање на овластен превземач. |
| 5. Измешан комунален отпад - 20 03 01 | Вработени | Контејнер во близина на објектите за вработени | До конечно предавање на овластен превземач. |
| 6. Отпад од батерии и акумулатори - 16 06 05 | Транспортни возила | Непропустливи садови | Се складира во ОЕ Механизација во Скопје .Се превзема од овластена компанија НУЛА ОТПАД ДОО<br>До конечно предавање на овластен превземач. |
| 7. Отпад од железо - 16 01 99 | Од технолошката опрема | Се одлага во кругот на инсталацијата | До конечно предавање на овластен превземач. |
| Отпад од електрична и електронска опрема - 16 02 16 | Од технолошката опрема | Буриња | Се одлага во централен магацин во Скопје<br>До конечно предавање на овластен превземач. |

2.3.3. Операторот ќе обезбеди дека отпадот, пред да се пренесе на друго лице, соодветно ќе се спакува и ќе се означи согласно националните, Европските и било кои други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

2.3.4. Операторот ќе врши ракување и складирање на отпадот (неопасен и опасен) согласно Законот за управување со отпад.

2.3.5. Доколку не е одобрено написмено од страна на Надлежниот орган, на Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со неопасен отпад.

2.3.6. Операторот годишно (на секои 12 месеци) ќе приложува План на кој се прикажани местата за складирање на отпадот.

2.3.7. Складишните површини за отпад, ќе бидат проектирани на тој начин што ќе спречат да дојде до неовластено и инцидентно испуштање на какви било загадувачки супстанции во почва, површинските и подземните води, во согласност со одредбите предвидени во релевантната легислатива.

2.3.8. Соодветно постапување, во согласност со позитивната законска регулатива за управување со опасен отпад, пакување и превземање од страна на овластен превземач.

## 2.4. Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во табела 2.4.1., или на друг начин договорен писмено со Надлежниот орган.

| Табела 2.4.1: Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Договор за управување со отпадни батерии и акумулаторисклучен со НУЛА ОТПАД ДОО Скопје. | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола,11 -1289/1/2025 Прилог V.1 | 13.03.2025 год. |
| Договор за купопродажба на индустриско железо склучен со ДПТУ Бонум Кристијан ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола,11 -1289/1/2025 Прилог V.2 | 13.03.2025 год. |
| Договор за превземање, транспорт и згрижување на секаков вид на отпад склучен со Друштвото за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО. | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола,11 -1289/1/2025 Прилог V.3 | 13.03.2025 год. |
| Договор и анекс на договор за управување со масло и отпадно масло склучен со Друштво за управување со масло и отпадно масло ОИЛТЕК ДОО Скопје. | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола,11 -1289/1/2025 Прилог V.4 | 13.03.2025 год. |
| Договор за собирање, транспорт, складирање и третман на опасен отпад склучен со Ауто-Хаус Заковски Дооел Скопје. | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола,11 -1289/1/2025 Прилог V.4 | 13.03.2025 год. |
| Договор за собирање на отпадна електрична и електронска опрема склучен со НУЛА ОТПАД ДОО Скопје. | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола,11 -1289/1/2025 Прилог V.5 | 13.03.2025 год. |
| Извршување на услуга, односно изнесување, транспортирање и депонирање на комунален и цврст отпад ЈП Охридски Комуналец . | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола,11 -1289/1/2025 Прилог V.6 | 13.03.2025 год. |

2.4.2. Рециклирањето и одлагањето на отпадот на определено место ќе се одвива само во согласност на условите на оваа Дозвола и во согласност со соодветните национални и Европски законски регулативи и протоколи.

2.4.3. Операторот ќе врши преработка и одлагање на неопасен отпад согласно Законот за управување со отпад.

2.4.4 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпад на локацијата ќе се води целосна евиденција, која ќе биде достапна за инспектирање од страна на овластените лица на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да ги содржи како минимум следните детали:

- Имињата на преземачот и транспортерите на отпадот;
- Имињата на лицата кои се одговорни за крајно одлагање/рециклирање на отпадот;
- Писмена потврда од приемот и одлагањето/рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата;

2.4.5 Операторот со отпадните материјали кои што може да се рециклираат и реупотребат да постапува соодветно, по принципот на склучени договори за нивно отстранување и искористување.

2.4.6 Отпадот кој ќе се испраќа за рециклирање или отстранување надвор од локацијата ќе се транспортира само од страна на овластено лице. Транспортот на отпадот ќе се врши само од локацијата на активноста до локацијата на рециклирање/отстранување, на начин кој нема негативно да влијае врз животната средина и е во согласност со соодветната национална и европска легислатива и протоколи.

## 2.5. Спречување и контрола на хаварии

2.5.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од несаканите дејствија, онака како што е опишано во документите наведени во табела 2.5.1., или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| | Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Спречување на хаварии и реагирање во итни случаи | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола, 11 -1289/1/2025, Поглавје XIII | 13.03.2025 год |

2.5.2. Операторот ќе се придржува кон Процедурите за постапување при незгода и вонредна состојба како и управување со безбедносни и работни услови предложени во Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола, бр. 11 -1289/1/2025, Прилог XIII.

2.5.3. Во случај да постои значителен ризик за испуштање на контаминирана вода, Операторот треба врз основа на наодите од оцената на ризикот, да подготви и имплементира, во согласност со Надлежниот орган, соодветна програма за управување со ризици. Програмата за управување со ризици треба целосно да се имплементира во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на известувањето од страна на Надлежниот орган.

2.5.4. Во случај на несреќа Операторот веднаш треба да:

- го изолира изворот на било какви емисии,
- спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија;
- го процени загадувањето на животната средина, предизвикано од инцидентот;
- да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите и ефектите кои следуваат;
- го забележи датумот и местото на несреќата;
- веднаш да го извести Надлежниот орган и другите релевантни институции.

2.5.5 Операторот е должен за настанатата хаварија веднаш да го извести надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од област на животната средина и да му ги достави податоците кои се однесуваат на:

- Околностите во кои се случила хаваријата,
- Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата,
- Податоци потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата,
- Превземените вонредни мерки.

2.5.6 Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот.

2.5.7 Информациите за мерките за безбедност, Операторот ќе ги анализира и проверува на секои 3 (три) години. Информациите за мерките за безбедност ќе овозможи да бидат достапни до јавноста.

2.5.5 Во случај на несреќа Операторот во рок од 1 (еден) месец од несреќата треба да достави предлог до Надлежниот орган или друг начин договорен со Надлежниот орган.

Предлогот има за цел да:

- идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата;
- идентификува и постави било какви други активности за санација.

2.5.6 Операторот во врска со спречување и контрола на несакани дејствија, а што е различно од претходно наведеното, ќе постапува согласно Законот за животна средина, Глава XV – Спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции.

▪

## 2.6 Мониторинг

2.6.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1., или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.6.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Мониторинг на емисиите и точки на земање на примероци | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола, бр.11 -1289/1/2025, Поглавје XI, | 13.03.2025 год. |
| Мониторинг на емисијата во воздух- емисиона точки А3. | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола, бр.11 -1289/1/2025, Поглавје XI.1, Табели XI.1.1-1а | 13.03.2025 год. |
| Мониторинг на емисијата во воздух - Респирабилна прашина. Две емисиони точки: А1, А2 | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола, бр.11 -1289/1/2025, Поглавје XI.1, Табела XI.1.1-1 | 13.03.2025 год. |
| Мониторинг отпадни води од технолошки процес- емисиони точки: таложник W1 и таложник W2 | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола, бр.11 -1289/1/2025, Поглавје XI.1.2,Табела XI.1.2-1 | 13.03.2025 год. |

| | | |
|---|---|---|
| Мониторинг на бучава во животната стредина - три (3) мерни места:<br>▪ AN1, AN2 и AN3 | Барање за обнова на<br>Б- интегрирана еколошка дозвола, бр.11 -1289/1/2025,<br>Поглавје XI.2, Табела XI.2.1-1 | 13.03.2025 год. |

2.6.2. Ќе обезбеди:

а безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведено во Додаток 2 од дозволата освен ако не е поинаку наведено во Додатокот, и

б безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3. Согласно Правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарни извори (Сл.Весник на РМ бр. 11/2012), член 4, став 3 операторот на инсталацијата, мерењата може да ги врши преку сопствени акредитирани служби/лаборатории или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мерење на емисии во воздухот од стационарни извори согласно стандардот МКС EN 17025 (вршители на мерења),

Земањето примероци и анализите на загадувачите од стационарни извори на емисија ќе се врши согласно акредитираната метода согласно стандардот МКС EN 17025.

Ако вршителот на мерења за одреден параметар не е акредитиран согласно стандардот МКС EN 17025 тогаш земањето примероци и анализите на тој параметар од стационарни извори ќе се врши согласно Правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарни извори (Сл. Весник на РМ бр. 11/2012).

За оној (оние) загадувач (и) кои не е (се) опфатен(и) со овој Правилник, а вршителот на мерења нема акредирана метода согласно стандардот МКС EN 17025 за земање на примероци и анализа на истиот (истите), тогаш истите треба да се вршат согласно CEN стандардите. Доколку CEN стандардите не се достапни, ќе се користат ISO, национални или меѓународни стандарди.

Калибрирањето на автоматизираните системи за мерење треба да се вршат согласно Правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарни извори (Сл.Весник на РМ бр. 11/2012). Доколку автоматизираните системи за мерење во инсталацијата не се опфатени со горенаведениот Правилник тогаш нивната калибрација ќе се врши согласно CEN стандардите. Доколку CEN стандардите не се достапни, ќе се користат ISO, национални или меѓународни стандарди.

2.6.4 Со опремата за мониторинг и анализа треба да се ракува и истата да се одржува на начин кој ќе овозможи мониторинг на емисиите и испуштањата согласно точка 2.6.3 од оваа дозвола.

2.6.5 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа, како што е наведено во оваа дозвола, може да се измени во согласност со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на тест резултатите.

2.6.6 Се задолжува операторот на ГД ГРАНИТ АД Скопје Подружница Бетонска база Косел Охрид, редовно да доставува извештај од извршени мерења од мониторинг направен од акредитирана лабораторија.

### 2.6.7 Мониторинг на емисии во почва и подземни води

Не се предвидува вршење на мониторинг.

### 2.6.8 Мониторинг на емисии во води

Не се предвидува вршење на мониторинг.

### 2.6.9 Мониторинг на емисии во канализација

Не се предвидува вршење на мониторинг.

## 2.7. Престанок на работа

2.7.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во табела 2.7.1., или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.7.1 : Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите. | Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола, бр.11 -1289/1/2025, Поглавје XIV | 13.03.2025 год. |

2.7.2. Операторот ќе се придржува кон мерките за престанок со работа и управување со резидуи, предложени во Поглавје XIV од Барање за обнова на Б- интегрирана еколошка дозвола, бр.11 -1289/1/2025.

2.7.3. Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба, по престанокот на работа на инсталацијата, од страна на операторот, ќе се врши согласно Законот за животна средина, член 120.

2.7.4 Во случај на планирање на престанок на работа, Операторот на инсталацијата, покрај известување на надлежниот орган од областа на заштита на животната средина, потребно е да достави План за ремедијација со динамика на активности кои ќе се превземат со опфат на временска и финансиска рамка.

## 2.12. Инсталации со повеќе оператори

2.12.1. Со инсталацијата за која се издава дозволата управува само еден оператор. Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2. од оваа дозвола.

## 3 Документација

3.1.1. Документацијата ("Специфицирана Документација") ќе содржи податоци за:

а секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите врз животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава измената на дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

б целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2. За инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време ќе бидат достапни:

а Спецификираната документација;

б Било кои други документи направени од страна на Операторот поврзани со работата на инсталацијата за која се издава дозволата ("Други документи").

3.1.3. Копија од било кој спецификиран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4. Спецификираните и другите документи треба:

а да бидат читливи;

б да бидат направени што е можно побрзо;

ц да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5. Операторот е должен спецификираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста.

3.1.6. За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за

а составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

б најдобра проценка на создадената количина отпад;

ц трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и

д најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.1.7. Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

3.1.8. Системите за транспорт ќе се контролираат и редовно ќе се врши инспекција, за да не настане дисперзија на материјалот или истекување. Операторот е должен да води и чува евиденција од истата.

3.1.10. Операторот ќе води записник од секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените активности за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган.

3.1.11. Операторот ќе се придржува кон своите обврски, согласно Законот за животна средина.

## 4 Редовни извештаи

4.1.1. Сите извештаи и известувања што ги бара оваа измена на дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2. Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2:

а во однос на наведени емисиони точки;

б за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

ц давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

д испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок наведен во Табела Д2 во Додатокот 2

**Годишен извештај за животна средина**

**Содржина**

Извештај за мониторинг за емисија во воздух, површински води и бучава
Извештај за управување со отпад
Извештај за управување со отпадни води, (санитарни, технички и атмосферски)
Преглед за потрошувачка на суровини
Извештај за забелешки (жалби/поплаки).
Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година.
Програма за управување со животната средина - предлог за тековната година.
Извештај за тестирање и инспекција на резервоари и цевоводите.
Извештај на пријавени инциденти.
Извештај за енергетска ефикасност и потрошени енергенси;
Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и редукција на генерираниот отпад.
Извештај за менаџерскиот персонал на инсталацијата.
Материјален биланс за употребена вода
Извештај за прогресот кој е направен и развиените предлози за да се минимизира побарувачката на вода и волуменот на создавање на отпадни води.
Извештај за реализација на програма за јавно информирање
Копии од договори за соодветно постапување со различните категории отпад, отпадни води, атмосферски води;
Копија од Сертификат за животна средина (доколку поседува);

Годишниот извештај за животна средина операторот ќе го достави до Надлежниот орган најдоцна до 31 март наредната година.

## 5 Известувања

5.1.1. Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

а кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

ц кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

д било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2. Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1. согласно Распоредот 1 од оваа дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Распоредот 1 од оваа дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Распоред, што е можно побрзо.

5.1.3. Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве

а перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

б престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

ц повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3. (б).

5.1.4. Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

i било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

ii промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

iii за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен.

5.1.5. Операторот ќе обезбеди и одржува огласна табла за инсталацијата која ќе биде читлива за лицата кои се надвор. Минималните димензии на таблата треба да бидат 1200 mm на 750 mm. На таблата треба јасно да бидат прикажани:

- Името и телефонскиот број на инсталацијата;
- Работно време;

- Името на имателот на дозволата;
- Телефон за контакт во итни случаи надвор од работното време;
- Референтен број на дозволата; и
- Каде може да се добијат информации за животната средина во врска со оваа инсталација.

# 6 Емисии

## 6.1. Емисии во воздух

6.1.1. Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1., ќе потекнат само од извори(и) наведени(и) во таа Табела. (Број според мапата).

| Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| Мерно место А3: | Испуст од дизел генератор со моќност од 0,460 MW | N: 41.1739086° E: 20.8444075° |
| Мерно место А1 –во околина на инсталацијата | Респирабилна прашина | N: 41.1739661° E: 20.8433758° |
| Мерно место А2 –во околина на инсталацијата | Респирабилна прашина | N: 41.1744602° E:20.8450471° |

**Забелешка: Согласно податоците наведени во Барањето за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.11 -1289/1/2025 нема емисии од испустот А3 на дизел агрегатот бидејќи не е во функција. Во случај на прекин или дефект со напојување на електрична енергија од електричната мрежа на ЕВН на инсталацијата ќе се користи овој дизел генератор. Периодот на работа ќе биде променлив, со тоа што има можност да не се пушта во употреба во тек на една година, но, за истиот ќе бидат димензионирани ГВЕ за во случај да биде активиран.**

6.1.2. Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката на емисија наведени во Табела 6.1.2. и 6.1.3 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2. и при работа на дизел аграгатот А3 во Табела 6.1.3 на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во таа Табела.

6.1.4. Во случај на појава на фугитивни емисии во воздух од активностите во инсталацијата, се задолжува операторот истите да ги контролира (еднаш годишно) и намалува, со цел да се избегнат негативните влијанија врз животната средина.

| Табела 6.1.2 : Гранични вредности на емисиите во воздухот од емисиони точки | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Дизел генератор со моќност од 0,460 MW, вид на гориво: Мазут**<br>**Точка на емисија: А3** | | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| | До (датум) | Емитиран масен проток: **m³/h** | Од (датум) денот на издавањето на дозволата | Концентрација (mg/m³) **ГВЕ** | |
| **Прашина** | | | | 130 mg/m³ | Еднаш годишно |
| **Азотни оксиди** изразени како (NO2 ) | | | | 200 mg/m³ | Еднаш годишно |
| **Јаглерод моноксид** (CO) | | | | 650 mg/m³ | Еднаш годишно |
| **Јаглерод диоксид** (CO2) | | | | | Еднаш годишно |
| **Сулфурни оксиди** изразени како ($SO_2$ ) | | | | 1700 mg/Nm³ | Еднаш годишно |

Висина на оџак: 3 m

6.1.5 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.6 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.7 Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се превземат да се минимизира емисијата.

6.1.8 Мерењата за утврдување на концентрациите на загадувачките супстанции на воздух и вода треба да се изведуваат репрезентативно.

## 6.2. Емисии во почва

6.2.1. Патната мрежа во кругот на инсталацијата, треба да се одржува, да не се дозволува да има отпадоци и прашина од возилата кои се движата во кругот на инсталацијата

6.2.2 Не се дозволува складирање на отпад во кругот на инсталацијата во период подолг од една година, доколку отпадот е наменет за отстранување или за период подолг од 3(три) години, доколку отпадот е наменет за третман и преработка, освен ако тоа е дозволено со оваа дозвола.

6.2.3 Операторот ќе превземе конкретни мерки за заштита на почвата и подземните води, земајќи ја во предвид систематска проценка на ризикот од контаминација. Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почва.

## 6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1. Од инсталацијата нема емисија на отпадна вода во површински води, освен атмосферска вода – во Коселска река.

6.3.2 Не е дозволено директно испуштање на отпадната технолошка вода што се создава од процесот на производство на бетон, перење на стационарнарната мешалка и перење на автомиксерите за транспорт на бетон.

6.3.3 Се задолжува операторот на инсталацијата да ги канализира атмосферските води одвоено од останатите отпадни води.

| Табела 6.3.1 : Точка на емисија во вода | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Собирна шахта** |
| W1<br>База I - таложник I | Технолошки процес (перење на стационарна мешалка и автомиксер), | N: 41.1740865º<br>E: 20.8438880º |
| W2<br>База II - таложник II | Технолошки процес (перење на стационарна мешалка и автомиксер), | N: 41.1743394º<br>E: 20.8448075º |

6.3.4 Поради фактот што станува збор за Б - инсталација што е во заштитено подрачје, следствено се дефинирани ГВЕ во Табела 6.3.2 со пропишана фреквенција на мониторирање на истите.

| Табела 6.3.2 : Граници на емисии во површински води<br>W1-таложник ( N: 41.1740865⁰ E: 20.8438880⁰)<br>W2-таложник (N: 41.1743394⁰ E: 20.8448075⁰) | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | Концентрација (mg/l) **ГВЕ** | Фреквенција на мониторинг- |
| Температура ⁰C | 30 | еднаш годишно |
| pH | 6.5-8,5 | еднаш годишно |
| Електролитска спроводливост | | еднаш годишно |
| Талог | 35 | еднаш годишно |
| Суспендирани честички ml/l | 0,3 | еднаш годишно |
| БПК$_5$ –изразен како $O_2$ | 25 | еднаш годишно |
| ХПК–изразен како $O_2$ | 125 | еднаш годишно |
| Нитрати, N−NO3 − | | еднаш годишно |
| Нитрити, N−NO2 − | | еднаш годишно |
| Амониумн N-NH$_4$ | 5 | еднаш годишно |
| Хлориди-изразени како Cl | | еднаш годишно |

**Забелешка:**

**Отпадната технолошка вода се создава од процесот на производство на бетон, перење на стационарнарната мешалка и перење на автомиксерите за транспорт на бетон.**

**Отпадната вода од процесот, перење на автомиксерите и вода од перење на мешалката кај база I - ELBA 50 се одведува преку слободен пат до бетонски изграден таложник - I.**

**Кај база II - PTOLEMEOS 60 отпадната вода од процесот, перење на автомиксерите и вода од перење на мешалката преку бетонски канали отпадната водата се одведува до бетонски изграден таложник - II.**

**Од технолошката отпадна вода во таложник - I и II, по пат на гравитациона сепарација се таложат цврстите честички од водата на дното од таложниците и останува чиста вода. Чиста вода што останува во таложниците со помош на пумпа се носи во резервоатите за вода, со тоа што водата повторно се користи во производниот процес и во овој случај не настануваат отпадни води.**

**Атмосферските води (дождовните води од површината на земјата и покривот на објектите) кој се слеваат по површината на локацијата се собираат во бетониран канал и се одведуваат во канал надвор од локацијата кој потоа се влева во Коселска Рекаа а потоа во Охридското Езеро.**

## 6.4. Емисии во канализација - нема

6.4.1. Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1. ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.4.1 : Точка на емисија во канализација | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Колектор од градска канализација** |
| | | |

64.2. Границите на емисија во канализацијата за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот период.

6.4.3. Временските периоди од 6.4.2 соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 9 од оваа дозвола.

| Табела 6.4.2 : Граници на емисии во канализација | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметри** | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| | До датум на издавање на дозволата | Гранична вредност на емисија | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

6.4.4 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција.

6.4.5 Нема да има испуштања на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

6.4.6 Отпадната вода не треба да се разредува со цел емисиите да се усогласат со граничните вредности на емисии.

## 6.5. Емисии на топлина

6.5.1 Нема да има термално испуштање во воздухот кое ќе има влијание врз животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Емисиите на бучава во животната средина предизвикана од извори на бучава од инсталацијата од точките на емисија наведени во Табела 6.6.1. ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

6.6.2 Мониторингот на индикаторите за бучава во животната средина предизвикана од извори на бучава од инсталацијата за која се издава дозвола ќе се изведува согласно националното законодавство на РМ ("Закон за заштита од бучава во животната средина" , Сл.Весник на РМ, бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15, Сл.Весник на РСМ бр.151/21 и 3/25) "Правилник за поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат овластени научни стручни организации и институции како и други правни и физички лица, за вршење на определени стручни работи за мониторинг на бучава", Сл.Весник на РМ, бр. 152/08; "Правилник за примената на индикаторите за бучава, дополнителни индикатори за бучава, начинот на мерење на бучава и методите за оценување со индикаторите за бучава во животната средина", Сл.Весник на РМ, бр.117/08).

6.6.3 Доколку вршителот на мерење е акредитиран согласно стандардот МКС EN 17025 за мерење на индикаторите за бучава во животната средина се смета дека го исполнува условот од точка 6.6.2.

6.6.4 Активностите на локацијата нема да доведат до зголемување на нивоата на бучава, дадени во Табела 6.6.2 , на местата специфицирани како осетливи на бучава (гранична линија на инсталацијата, мешалка за бетонска база) дадени на мапата во Прилог X од барањето за Дозвола, означени како мерни места.

6.6.5 Операторот ќе врши мониторинг на бучавата на граници на локацијата на годишно ниво. Програмата за преглед на бучавата треба да е во согласност со најдобрата пракса на ЕУ.

6.6.6 Во Инсталацијата нема извори на вибрации кои влијаат на животнта средина.

**Табела 6.6.1 : Мерни места на бучава**

| Ознака на точка на емисија/опис | Извор | координати |
|---|---|---|
| AN1 - паркинг за возила 5м од канцеларија и 10м од регионален пат | Опрема. машини и од технолошкиот процес во инсталацијата и транспортни возила | N: 41.1740472$^0$<br>E: 20.8433029$^0$ |

| | | |
|---|---|---|
| AN2 - 10м од таложник на база II и 10м од регионален пат | Опрема и машини во технолошкиот процесво инсталацијата и транспортни возила | N: 41.1744868$^{0}$<br>E: 20.8450265 |
| AN3- 35м од дизел генератор и 50м од база I | Опрема и машини во технолошкиот процесво инсталацијата и транспортни возила | N: 41.1736948$^{0}$<br>E: 20.8442139$^{0}$ |

| Табела 6.6.2 : Гранични вредности за индикатори на бучава во животната средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | Ниво на звучен притисок на граници од инсталацијата (AN1 –AN3) | | | | Фрекфенција на мониторинг |
| | До (датум) | L (dB) | Од (датум) | L (dB) ГВЕ | годишно |
| $L_д$ | До денот на издавањето на дозволата | 70 | Од денот на издавањето на дозволата | 70 | годишно |
| $L_В$ | До денот на издавањето на дозволата | 70 | Од денот на издавањето на дозволата | 70 | годишно |
| $L_Н$ | До денот на издавањето на дозволата | 60 | Од денот на издавањето на дозволата | 60 | годишно |

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1 Од инсталацијата за која се издава дозвола нема да има трансфер на отпадната вода во пречистителна станица.

# 8 Програма за подобрување

8.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1., заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| Табела 8.1.1: Програма за подобрување | | | |
|---|---|---|---|
| Ознака | Мерка | Цел на мерката | Датум на завршување |
| 1. | Прецизно планирање на производството од аспект на ефикасно искористување на суровините и репроматеријалите. | Максимално можно намалување на создадениот отпад од производство. | Континуирано |
| 2. | Редовно одржување на системите машините во производниот процес (подмачкување и промена на делови со дефекти). | Спречување дефекти на машините и производната опрема, а со тоа спречување на појава на шкарт производи, што покрај негативните финансиски импликации врз инсталацијата ќе предизвика зголемено создавање на отпад. | Континуирано |
| 3. | Редовни превентивни прегледи на машините, опремата и на инсталациите (електрична, громобранска, вововодна итн.). | Спречување на хаварии. | Континуирано |
| 4. | Редовни превентивни прегледи на опремата и транспортните возила. | Зголемување на ефективноста и безбедноста при работа. | Континуирано |
| 5. | Редукција на емисии на прашина преку редовно чистење на инсталацијата после нејзино користење, редовно прскање на околината со вода. | Намалување на прашината. | Континуирано |
| 6. | Редовен мониторинг на медиумот воздух, од страна на акредитирана лаборатоија. | Заштита на животната средина. | Еднаш годишно |
| 7. | Редовен мониторинг на медиумот вода и мерење од страна на акредитирана лаборатоија. | Заштита на животната средина. | Еднаш годишно |
| 8. | Редовно мерење на ниво на бучава од страна на акредитирана лаборатоија. | Заштита на животната средина. | Еднаш годишно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Редовно одржување и чистење на таложници, резервоари, и отсранување на отпадна мил. | Подобрување на третманот на отпадните води; намалување на емисиите во водите. | Континуирано |
| 10. | Економично трошење на водата во технолошки процес и при чистење на инсталацијата. | Заштеда на водни ресурси и економично искористување на водата. | Континуирано |
| 11. | Поставување на цели за заштита на животната средина и редовно преиспитување на истите. | Континуирано подобрување. | редовно секоја година |
| 12. | Идентификација на мерни индикатори за влијанијата врз животната средина. | Континуирано подобрување. | редовно секоја година |
| 13. | Редовен мониторинг на мерните индикатори за влијанијата врз животната средина. | Континуирано подобрување. | редовно во текот на годината |
| 14. | Управување со отпадот | Селекција и одлагање на одредено место и навремено подигање од страна на овластените преземачи на отпад. | Континуирано |
| 15.. | Едукативни активности на вработените за намалување на создавањето на отпад, повторна употреба и рециклирање. | Рационално управување со отпадот, што придонесува во концепирање на систем на одржливо управување со отпадот. | Континуирано |
| 16. | Зазеленување на просторот во границите на локацијата Намалување на негативните влијанија врз почвата и воздухот и намалување на негативниот визуелен ефект на животната средина. | Намалување на негативните влијанија врз почвата и воздухот и намалување на негативниот визуелен ефект на животната средина | пролет / есен |
| 17. | Оцена на влијанијата врз животната средина (изработка на *environmental master plan*) при започнување на нов производен процес. | Континуирано подобрување. / при започнување на нов производен процес | при започнување на нов производен процес |

**8.1.2** Операторот ќе ја спроведува програмата за подобрување кој е составен дел на барањето за обнова на Б - интегрирана еколошка дозвола, бр.11 -1289/1/2025, Поглавје XII.

**Забелешка:**

Роковите за предложените мерки во програмата за подобрување се димензионирани и предлог на операторот.

Задолжување да го известува Надлежниот орган за динамиката на реализација.

# 9 Договор за промени во пишана форма

9.1 Кога својството [i] или како што е друго договорено написмено[i] се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

9.1.1 Операторот ќе даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола: и

9.1.2 Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

9.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементацијата на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

9.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работи поврзани со неа, а кои се од типот на:

а). Материјална промена или зголемување на:

- природата или количината на било која емисија;
- системите за намалување/третман или преработка;
- опсегот на процесите што се изведуваат;
- горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или

б). Било какви промени на:

- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола со несакано еколошко влијание;
- набавувачите кои би имале влијание врз животната средина

ќе се изведат или ќе започнат со претходно известување за тоа, и со договор со Надлежниот орган.

## Додаток 1

# Писмена потврда за известувања

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

## *Дел А*

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

## *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# Додаток 2

Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа Дозвола, се наведени во Табелата подолу.

.

| Табела Д2:Извештајза податоци од мониторингот | | | |
|---|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | Период за давање извештаи | Почеток на периодот |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

# Додаток 3

| **Извештај** | **Фреквенција на извештајот** Белешка1 | **Датум на поднесување на извештајот** |
|---|---|---|
| **Годишен Извештај за Животна Средина (АЕР)** | Годишно | до 31-ви март секоја година |
| **Евиденција на инциденти** | Како што се случуваат | Во рок од 3(три) дена од инцидентот. |
| **Мониторинг на воздухот** | Еднаш годишно | 10(Десет) дена од истекот на полугодието за кое е поднесен извештај |
| **Мониторинг на отпадна вода** | Еднаш годишно | 10(Десет) дена од истекот на третиот месец за кој е поднесен извештај |
| **Распоред на цели и задачи** | На секои 5(пет) години, со годишно ревидирање | 3(три) месеци претходно, пред започнувањето на развојот |
| **Ревизија на употребата на вода** | Годишно | до 31-ви март секоја година |
| **Ревизија за енергетската ефикасност** | Годишно | до 31-ви март секоја година |